## Студент на Машинскиот факултет во Скопје – победник на конкурсот на „Mercedes – Benz“ со својот „Nebula Concept“

Во 2011 година „Mercedes – Benz“ навршуваа 125 години исполнети со иновации во полето на автомобилската индустрија и дизајн. Со желба да го иницираат развивањето на оваа гранка и во нашата држава со инспирирање на младите иноватори да работат во таа насока, „Мерцедес Бенц Македонија“ организираше конкурс за изработка на дизајн-студија за изгледот на возилото на иднината.
„БЕСТ Скопје“ му помогна на овој конкурс со интензивна промоција меѓу студентите на техничките факултети, кои изучуваат предмети од областа на дизајнот. Ова, несомнено, претставува сон на многу млади дизајнери, кои во иднина сакаат да дизајнираат автомобили, а можноста да се запознаат одблиску со процесот на создавање ќе им биде непроценливо искуство.



Младиот Даниел Димовски, кој е студент на Машинскиот факултет во Скопје, е победникот и тој наградно ќе биде испратен во посета на фабриката на „Mercedes-Benz“ во Штутгарт, Германија. Во кратки црти, тој го објасни својот победнички концепт и тоа што го инспирирало да дојде до него: „Mercedes Benz Nebula Concept“ е возило за блиската иднина во кое се споени моќност и елеганција. Возило што ќе ве издвои и ќе ве поврзе во секоја средина.
Со својата уникатност и перфекција ќе успее да ги открие карактерот и целта на сопственикот.
Целта ми беше да создадам возило што ќе има безвременски стил. Природата е таа што го овозможува тоа, па затоа таа ми беше инспирација. Пустината и синиот кит.
Песокот во пустините е обликуван од движењето и од пробивањето на самиот ветар низ него, при што е формирана високо аеродинамична форма. Синиот кит, пак, е дизајниран од самата природа, неговата кожа и облик се дизајнирани така за да имаат најмало триење со водата со што се овозможува мазно и лесно движење низ неа.
Предницата покажува моќ и сериозност на возилото. Прво на предницата доаѓа до израз традиционалната маска на „Mercedes – Benz“ со изглед на стрела. Направена е од мазна, сјајна пластика со линии што се инспирирани од пустината и од китот, кои го сечат и насочуваат ветрот во каналите за воздух, кои се позиционирани на страните на маската.
Фаровите ЛЕД, кои се наоѓаат под хаубата, се дизајнирани така за да направат лут и моќен изглед.
Ако се погледне отстрана доаѓаат до израз големите и силни отвори за тркалата и строгите линии, кои ги дефинираат елегантните мускули на возилото. Страничните столбови за заштита се скриени под целосното

стакло и му даваат спортски дизајн на возилото кога се гледа отстрана. Вратите инспирирани од старата икона „Mercedes Benz 300 SL Gullwing“, ја додефинираат спортската силуета. Задницата ја дава елегантноста и изгледот на возрасен што е типичен за „Mercedes Benz“.
„Mercedes Benz Nebula Concept“ е концепт и идеја за развој на дизајн на иднината на „Mercedes Benz“.




„БЕСТ Скопје“ му ја честита победата на Даниел и му посакува голем успех во неговата натамошна кариера.